РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО СРЕДНО УЧИЛИШТЕ
"ЈОВЧЕ ТЕСЛИЧКОВ"
Бр. 02-396/3
26.08. 2024 год.
ВЕЛЕС

Врз основа на член 89, став 1, алинеја 11од Законот за средно образование и Законот за изменување и дополнување на Законот за средно образование (Сл весник бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/6, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016,67/2017 и 64/2018), и (Сл.весник на Р.С.М бр. 229/2020), а во согласност со член 177, став 1, алинеја 2 од Статутот на ОСУ„Јовче Тесличков" - Велес, Училишниот одбор при ОСУ„Јовче Тесличков" – Велес на состанокот одржан на ден 26.08.2024 година донесее:

# П Р Е Д Л О Г   О Д Л У К А

за усвојување на Годишата програма за работата на училиштето за учебната 2024/2025 година

1.Училишниот одбор на ОСУ„Јовче Тесличков" - Велес донесе Предлог Одлука за усвојување на Годишната програма за работата на училиштето за учебната 2024/2025 година и истата ја предлага до Советот на Општина Велес на нејзино усвојување.

2.Одлуката стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

## О б р а з л о ж е н и е

Училишниот одбор на ОСУ„Јовче Тесличков" - Велес на седницата одржана на 26.08.2024 година, ја разгледа Годишната програма за работата на училиштето за учебната 2024/2025 година, едногласно донесе Предлог Одлука за нејзино усвојување и истата ја предлага до Советот на Општина Велес на нејзино усвојување.

Доставено до:
- архивата
- членови на УО

Претседател на УО

Антонио Пановски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО СРЕДНО УЧИЛИШТЕ
"ЈОВЧЕ ТЕСЛИЧКОВ"
Бр. 02-396/7
26.08. 2024 год.
ВЕЛЕС

# Општинско средно училиште „Јовче Тесличков” Велес

# ГОДИШНА ПРОГРАМА

## за работа на училиштето за учебната 2024/2025 година

**Велес, август 2024**

**Програмата ја подготвија:**

**Педагог:**

**Билјана Коџабашиева**

**Наставници:**

**Радмила Андовска**

**Марија Левкова Куновска**

**Каролина Манаскова**

# С О Д Р Ж И Н А

**I Воведен дел** ____ **5**
1.1 Основни подадоци за училиштето ____ 5
1.2 Вид и податоци за училиштето ____ 5
1.3 Најважни културни постигнувања ____ 6
1.4 Организација на животот и работата во училиштето ____ 7
1.4.1 Број на паралелки и ученици ____ 8
1.4.2 Наставен, стручен и раководен кадар ____ 10
1.4.3 Технички персонал ____ 10
**II Настава – видови настава** ____ **11**
2.1 Организациона структура на училиштето – Органограм ____ 11
2.2 Организација на редовна настава ____ 14
2.3 Организација на изборна настава ____ 15
2.4 Расположливи ресурси на училиштето ____ 15
2.5 Форми и начин на реализација на вонnаставните активности и слободните ученички активности ____ 16
2.6 Организација на практична настава во средното стручно образование ____ 20
2.7 Содржини програмирани од училиштето ____ 21
2.8 Календар на јавни и културни активности на училиштето ____ 21
2.9 Табеларен преглед на структурата на училишниот простор, кабинети, библиотека ____ 24
2.10 Табеларен преглед на техничка опрема на училиштето ____ 25
2.11 Донации и спонзорства ____ 26
2.12 Учество во проекти и степенот на реализација во текот на годината ____ 26
2.13 Оспособеност за користење на современа техологија во наставата ____ 27
2.14 Оспособеност за тимска работа ____ 27

2.15 Соработка со локалната самоуправа и установи во опкружувањето 27
**III Мисија на училиштето 28**
**IV Визија на училиштето 29**
**V Развојни цели и задачи 32**
**VI План за евалуација на годишната програма за работа 51**
**VII Прилози на Годишната програма за учебната 2024/2025 година 60**

## I. ВОВЕДЕН ДЕЛ

### 1.1 Основни податоци за училиштето

Име на училиштето: **Општинското средно училиште „Јовче Тесличков“**

Адреса на училиштето: **Кукушка бр. 37 - Велес**

Тел: **+389 43 212 098, e-mail: usojtv@yahoo.com**

Веб-страна: **https://jovceteslickov.edu.mk/**

### 1.2 Вид и податоци за училиштето

Во општинското средно училиште „Јовче Тесличков” се изучуваат профили од секторот економија, право и трговија. Со традиција е отворено за нови идеи кои поттикнуваат индивидуалност и креативност, дисциплина и култура, повисоки интелектуални способности и образование кое ќе одговори на животните предизвици. Училиштето се развива и надоградува согласно потребите на стопанството и општествените активности во градот Велес и во други општини во регионот. Училиштето е со тенденција да биде отворено училиште со јасно дефинирана структура и улоги во кои ќе се дефинираат и реализираат потенцијалите на сите субјекти низ иновативност и ефективност во работењето.

Училиштето располага со високо образовен и квалитетен кадар кој настојува да создаде здрава и креативна клима во која ентузијазмот за работа и создавање на нови и оригинални идеи е на прво место затоа што во него наставата е квалитетна и ги подготвува учениците за успешно вклучување во демократското општество. Локалната и регионална средина во која функционира училиштето е контактибилна со образовните услови и можности на училиштето. Во нашето училиште главно се запишуват ученици од основните училишта на подрачјето на општина Велес, Чашка и Градско. Поради специфичноста на образовните профили, но и поради бесплатното и задолжително образование, кон истото гравитираат и ученици од поширокото опкружување.

ОСУ „Јовче Тесличков“ е средно стручно училиште со тригодишно и четиригодишно траење на образованието. Во училиштето се образуваат кадри од **секторот економија, право и трговија** во профили кои се со четири години на образование: економски техничар, бизнис администратор, правен техничар и техничар за е-трговија и дигитален маркетинг. Со тригодишно образование, се образуваат кадри во профилот продавач-референт за продажни услуги и асистент-деловен администратор.

Во 1960 година со Решение на Народниот одбор на Титовелешката околија бр.01-7269 од 14.09.1960 училиштето започнува самостојно да реализира настава како економско училиште „Јовче Тесличков“ – Титов Велес. Училиштето до денес континуирано се развива и напредува при реализирањето на воспитно – образовна дејност.

Од 1984 год. училиштето се вклопи во новата концепција за насочено образование и го смени името во Училиште за средно образование со трговска и економска струка.

Во учебната 2004 – 2005 година во ова училиште е воведена економско – правната и трговската струка и до денес нема промени во називот на струката.

Се до учебната 2005 – 2006 година училиштето ја реализираше својата дејност во склоп на училишната зграда на ОУ „Благој Кирков". Но просторниот проблем на училиштето е надминат со тоа што беше извршено преселување на училиштето во училишната зграда на ОУ „Трајко Андреев" врз основа на Одлуката бр.0701 – 2609/4 од 14.07.2006 година од страна на Советот на Општина Велес. Со извршената реконструкција на зградата на ОУ „Трајко Андреев" се создадоа услови за прифаќање на сите ученици. На 01.09.2006 година училиштето ги отвори своите врати за старите и новите ученици во новата училишна зграда и започна да се изведува настава во една смена,од 7 и 15 часот до 14 часот.

Во моментов ОСУ „Јовче Тесличков" е лоцирано во центарот на град Велес, во населбата Дворови. Во непосредна близина на училиштето се наоѓаат Основниот суд – Велес, банките, главната пошта во градот и други институции со кои училиштето има одлична соработка при реализација на практичната настава.

Од 2019/2020 учебна година се воведе реформирано стручно образование кое опфаќа задолжителни и изборни модули, преку кои учениците стекнуваат стручна квалификација од секторот економија, право и трговија. Ова образование според модуларно дизајнирани наставни програми во трета и четврта година предвидува учениците да се доусовршат преку учење кај работодавач и тоа во трета година 4 часа, а во четврта година 6 часа. Во учебната 2022/2023 година за првпат се воведе и паралелка со зголемен број часови по практично образование (дуална паралелка), во образовниот профил економски техничар. За учениците од дуалните паралелки предвидено е во втора година 4 часа работа кај работодавач, 8 часа во трета и 10 часа во четврта година.

Во учебната 2024/2025 година во ОСУ,,Јовче Тесличков" ќе продолжат да се образуваат кадри од секторот економија, право и трговија, по современи наставни програми во следните профили:

- Економски техничар
- Техничар за е-трговија и дигитален маркетинг
- Правен техничар
- Бизнис администратор
- Продавач - референт за продажни услуги (тригодишно образование)
- Асистент-деловен администратор (тригодишно образование)

## 1.3 Најважни културни постигнувања

Во повеќе од шеесетгодишната традиција на раст и развој училиштето бележи низа значајни културни постигнувања. Од нив ги издвојуваме:

- Во историјата на училиштето три пати за најдобар просветен работник е прогласено лице од редовите на нашето училиште. Наставникот по економски предмети, Маја Талеска Панова, за учебната 2013 – 2014 година, наставникот Јагода Трајчова и во учебната 2021/2022 година наставникот Методија Бузалковски.
- За успешна работа и остварени резултати училиштето е добитник на 9$^{то}$ Ноемвриска награда.

- Училиштето по повод чествувањето на патрониот празник 24 Октомври, реализира низа на активности збогатени со културно – уметничка програма.
- Училиштето активно учествува во повеќе јавни манифестации како што се: организирање на хуманитарни акции проследени со културно – уметничка програма, учество на финални работилници за проекти на ученици од средните училишта во организација на Црвениот крст на Р.С. Македонија, манифестации организирани од невладиниот сектор и манифестации организирани од локалната самоуправа.
- Училиштето редовно учествува на државни натпревари во организација на МАССУМ (Младинаска асоцијација на средни стручни училишта на Македонија) од кои учениците секогаш се враќаат со освоени награди и признанија.

## 1.4 Организација на животот и работата во училиштето

Во просториите на училиштето задолжително се спроведе дезинфекција, дезинсекција и дератизација пред почетокот на учебната 2024/2025 година, а иста е предвидена и за време на зимскиот распуст. Крајниот резултат се комплетно исчистени, дезинфекцирани и дератизирани училници и работни простории.
Во прва година во редовна настава се примени вкупно 62 ученици распределени во четири паралелки согласно профилите во училиштето, според конкурсот за упис на ученици во прва година во средните училишта во РСМ во учебната 2024/2025 година. Организацијата и планирањето на животот и работата во училиштето се од особена важност за колективот во училиштето. Сите вработени имаат јасна мисија и визија. Тимското работење, поддршката и соработката се составен дел од животот и работата во училиштето.

Согласно насоките од МОН во Годишната програма од учебната 2024/2025 година предвидени се и следниве активности:

- Поставување на линкови до наставни материјали и електронски содржини што би се користеле во наставата;
- Предлагање на иновации во наставните програми за средно образование;
- Предлагање теми за обуки за професионален развој на наставниците во училиштето;
- Планирање и реализирање на „Нагледни часови“;
- Консултации за подобрување на планирањето во наставата и педагошката евиденција;
- Организирање на едукативни предавања;
- Дисеминација на посетени семинари и обуки.

### 1.4.1 Број на паралелки и ученици

Преглед на бројот и структурата на паралелките и профилите

| Година | Паралелки | Профили | Година | Паралелки | Профили |
|---|---|---|---|---|---|
| **I** | **1** | Техничар за е-трговија и дигитален маркетинг | **II** | **1** | Техничар за е-трговија и дигитален маркетинг |
| **I** | **1** | Економски техничар /<br>Бизнис администратор<br>(со зголемен број часови по практично образование) | **II** | **1** | Економски техничар /<br>Правен техничар<br>(со зголемен број часови по практично образование) |
| **I** | **1** | Економски техничар | **II** | **1** | Економски техничар |
| **I** | **1** | Продавач–референт за продажни услуги /<br>Асистент-деловен администратор<br>(дуална паралелка) | **II** | **1** | Продавач–референт за продажни услуги |

| Година | Паралелки | Профили | Година | Паралелки | Профили |
|---|---|---|---|---|---|
| **III** | **1** | Техничар за е-трговија и дигитален маркетинг / Бизнис администратор | **IV** | **1** | Економски техничар /<br>Бизнис администратор |
| **III** | **1** | Економси техничар (со зголемен број часови по практично образование) | | | |
| **III** | **1** | Продавач-референт за продажни услуги | | | |

ОСУ „Јовче Тесличков“ - Велес во учебната 2024/2025 година ќе работи со 12 паралелки:

- девет паралелки со четиригодишно образование (четири комбинирани паралелки и четири паралелки со зголемен број часови по практично образование – дуални);
- три паралелки со тригодишно образование.

Учениците ќе се образуваат во вкупно пет профили. Бројната состојба на учениците по паралелки е дадена во табелите кои следат:

| Паралелка | Ученици | Машки | Женски |
|---|---|---|---|
| I – а | 19 | 7 | 12 |
| I – б | 10 | 5 | 5 |
| I - в | 8 | 8 | 0 |
| I – г | 25 | 23 | 2 |
| Вкупно | 62 | 43 | 19 |

| Паралелка | Ученици | Машки | Женски |
|---|---|---|---|
| II – а | 20 | 15 | 5 |
| II – б | 10 | 3 | 7 |
| II - в | 15 | 13 | 2 |
| II – г | 12 | 10 | 2 |
| Вкупно | 57 | 41 | 16 |

| Паралелка | Ученици | Машки | Женски |
|---|---|---|---|
| III – а | 30 | 15 | 15 |
| III – б | 14 | 5 | 9 |
| III – в | 16 | 13 | 3 |
| Вкупно | 60 | 33 | 27 |

| Паралелка | Ученици | Машки | Женски |
|---|---|---|---|
| IV – а | 19 | 8 | 11 |
| Вкупно | 19 | 8 | 11 |

### 1.4.2 Наставен, стручен и раководен кадар

Согласно Законот за средно образование, Законот за средно стручно образование, Статутот на училиштето и систематизацијата за работни места, за релизирање на целите и задачите од воспитно – образовниот процес и за остварување на севкупната дејност во училиштето, во текот на учебната 2024/2025 година ќе бидат ангажирани следните структури:

**Наставен и стручен кадар**

| **Профил** | **Степенот на стручна оспособеност** | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **д-р** | **м-р** | **VII-1** | **VI** |
| Наставници | **/** | **5** | **26** | **/** |
| Педагог | **/** | **/** | **1** | **/** |
| Психолог | **/** | **/** | **1** | **/** |
| Секретар<br>Советник за административно-правни работи | **/** | **/** | **1** | **/** |
| **Вкупно** | **/** | **5** | **26** | **/** |

**Раководен кадар**

| Функција | Завршено образование | | |
|---|---|---|---|
| | **Д-р** | **М-р** | VII-1 |
| Директор | / | **1** | / |

**Технички персонал**

| Работна позиција | Ноќен чувар | Хаус мајстор | Хигеничар |
|---|---|---|---|
| **Вкупно** | **1** | **1** | **3** |

## II. НАСТАВА – ВИДОВИ НАСТАВА

### 2.1 Организациона структура на училиштето – Органограм

Организационо - стручната поставеност на училиштето се манифестира преку работата на стручните органи во училиштето и тоа: Училишен одбор, Совет на родители, Наставнички совет, Совет на година, Совет на паралелка, Стручни активи.

**<u>Училишен одбор</u>**

| Име и презиме | Претставник од | Со мандат до |
|---|---|---|
| Антонио Пановски | Наставници – претседател | Јули, 2026 |
| Методија Бузалковски | Наставници | Јули, 2026 |
| Рената Софијанова Николова | Наставници | Јули, 2026 |
| Љупчо Петров | Наставници | Јули, 2026 |
| Иванка Славковска | Основач | Август, 2026 |
| Емилија Несторова | Основач | Август, 2026 |
| Добивоје Пауновски | Основач | Август, 2026 |
| Мирјана Петрова | Родители | Август, 2026 |
| Тајна Димовска | Родители | Август, 2027 |
| | | |
| Дарко Трајковски | МОН | Јули, 2026 |
| Томислав Колевски | Деловна заедница | Април, 2026 |

**<u>Совет на родители</u>**

| Име и презиме | Паралелка | Со мандат до |
|---|---|---|
| | 1-а | |
| | 1-б | |
| | 1-в | |
| | 1-г | |
| Лиле Илиевска | 2-а | 2027 |
| Тајна Димовска | 2-б | 2027 |
| Мустафа Мустафов | 2-в | 2027 |
| Слаѓан Циев | 2-г | 2026 |
| Мирјана Петрова | 3-а | 2026 |
| Владанка Орданова | 3-б | 2026 |
| Дијана Коцева | 3-в | 2025 |
| Тони Василевски | 4-а | 2025 |

Во училишниот одбор во септември, 2025 година треба да се приклучи уште еден член од родителите, поради истек на мандатот на родител на ученик од четврта година кој го заврши образованието.
Советот на родители, на првиот состанок во септември треба да избере четворица нови претставници од родителите на ученици од прва година, а потоа да избере еден претставник за во Училишниот одбор.

## Наставнички совет

Работата на Наставничкиот совет во училиштето е определена од Законот за средно образование, Статутот на училиштето и другите законски регулативи и правилници. Наставничкиот совет е составен од Директорот кој е претседател на истиот, стручните соработници и сите наставници. На седниците на Наставничкиот совет се утврдува успехот и редовноста на учениците по тромесечија, се разговара за идни активности, почеток на проекти, анализа на воспитно-образовниот процес, анализа на постигнувањата, анализа и согледувања за реализација на Годишната програма за работа на училиштето, како и други работи утврдени со Законот за средно образование и Статутот на училиштето. За време на работата на Наставничкиот совет се води записник и истиот се заверува со деловоден број.

## Совет на година

Советот на годината е стручен орган во училиштето којшто го сочинуваат наставниците од годината во која што изведуваат настава и стручните соработници. Основна функција на советот на годината е координирање на работата на наставата во годината за која е конституиран, односно изготвување анализи, програми со цел да се подобри успехот и редовноста кај учениците, давање предлози, укажување на недостатоците во наставата, утврдување на оценките на учениците по класификациони периоди и други работи од тој домен. Во училиштето постојат 4 совети на годината: Совет на I година, Совет на II година, Совет на III година и Совет на IV година.

## Совет на паралелка

Советот на паралелката го сочинуваат сите наставници кои предаваат во дадена паралелка и стручните соработници. На Советот на паралелката се реализираат следните активности:

**Следење на планирањето и реализирањето на наставата**: Задолжителна, Дополнителна, Додатна, Изборна, Практична, Феријална практика, Учење преку работа кај работодавач, Содржини програмирани од училиштето.

Следење, анализирање и вреднување на постигањата на учениците

**Следење на постигањата во воспитно-образовната работа**

- ✓ Следење на редовноста на учениците;

- ✓ Анализа на воспоставените и користените методи, постапки и техники за проверување на постигањата на учениците, Предлози за изрекување на педагошки мерки на учениците;
- ✓ Планирање, реализирање и анализа на работата со учениците;
- ✓ Откривање на учениците на кои им треба посебна педагошка помош;
- ✓ Осознавање за социо-емоционалниот развој на учениците;
- ✓ Анализа на работна дисциплина и поволна социјална клима во паралелката;
- ✓ Анализа на воспоставените односи на доверба и соработка меѓу наставникот и учениците и меѓу самите ученици,откривање и разрешување на конфликти во паралелката;
- ✓ Организирање на потребната педагошко- психолошка помош;
- ✓ Соработка со родителите; Планирање и реализирање на родителски средби;
- ✓ Советување на родителите од страна на педагошко-психолошката служба;
- ✓ Планирање, реализација и анализа на информираноста на родителите за развојот и напредокот на учениците, како усно така и преку Е дневникот;
- ✓ Анализа на воспоставената комуникација со родителите на учениците.

**<u>Стручни активи</u>**

Стручниот актив е стручен орган во училиштето што го сочинуваат наставниците што предаваат ист предмет или сродна група на предмети. Основна цел на активот е да води грижа за унапредување на воспитно-образовниот процес по предметите или подрачјата за кои постои, да разменува мислења, да дава предлози и укажувања, да бара начини за надминување на проблемите во наставата. Стручните активи ги вршат следниве задачи:

1*. Утврдување критериуми и стандарди за работа*
*2. Усогласување на наставните планови*
*3. Размена на сугестии за реализација на наставните програми*
*4. Донесување предлози за форми и методи на наставна работа*
*5. Избира учебници по кои ќе се реализира наставната програма*
*6. Имплементација на одлуките донесени од Наставничкиот совет и Директорот на Училиштето. Со стручниот актив раководи претседателот на активот, наставник, избран од активот кој се избира на почетокот на учебната година.*

## 2.2 Организација на редовна настава

Согласно Календарот за организација на воспитно-образовниот процес (објавен во периодот кога се подготвува програмата), учебната 2024-2025 учебната година започнува на 1 септември 2024 а завршува на 31 август 2025 година. Наставната година започнува на 2 септември 2024 година, а завршува на 10 јуни 2025 година, освен за учениците од завршните години за кои редовната настава завршува на 16 мај 2025 година.

Наставната година ја сочинуваат две полугодија:

- I полугодие (2 септември 2024 до 30 декември 2024 година) и
- II полугодие (20 јануари 2025 до 10 јуни 2025 година).

Во текот на учебната година учениците ќе користат зимски и летен одмор.

- зимскиот одмор започнува на 31 декември 2024 година и завршува на 19 јануари 2025 година,
- летниот одмор започнува на 11 јуни 2025 година и завршува на 31 август 2025 година.

Наставата во учебната 2024/2025 година ќе се одвива според предвидените наставни планови и програми од секторот економија право и трговија. Согласно методско – дидактичките барања за реализација на наставните планови и програми по секој наставен предмет, предметните наставници ќе изработат глобални годишни планирања кои ќе се предадат на увид кај директорот до 31.08.2024 година. Во текот на наставната година согласно со годишниот план ќе се изготват и тематски планирања и истите ќе бидат доставени на увид кај директорот на училиштето една недела пред почетокот на шцелина преку испраќање на посебна е-маил адреса со цел заштеда на канцелариски материјал и електрична енергија. Наставниците секојдневно се обврзани да изготвуваат и дневни оперативни планови за работа на час прилагодени според можностите и капацитетите на учениците. Основна задача на сите предметни наставници ќе биде, наставните часови да ги реализираат со примена на современи дидактичко – методски форми за работа и користењето на информатичката технологија.

Реализацијата на часовите ќе вклучува употреба на надгледни средства и помагала за поефективно остварување на целите на часот и наставната материја. Согласно можностите на училиштето ќе се обезбедат и нови средства и помагала. Соработката на наставниците ќе продолжи и оваа година преку размена на идеи и искуства при реализација на наставниот час. Секој наставник во училиштето ќе практикува и отворени часови за посета.

Редовната настава ќе се одвива во кабинети кои се современо опремени. Училиштето располага и со сопствена сала за спорт и спортски активности, а наставата ќе се одвива во спортската сала, спортски терени во деновите кога има соодветни временски услови и во училница. Организирањето на редовната наставата и воннаставните активности ќе ги координираат директор – стручен соработник – наставник – ученик – родители.

Практичната настава за учениците е вклучена во рамките на редовната настава за профилот продавач-референт за продажни услуги. Стекнувањето на практични знаења и искуства е значајна одлика на секое современо образование. Согласно со потребите на пазарот

на трудот, ОСУ „Јовче Тесличков“ вложува сериозни напори во делот на практичната настава односно по предметот учење преку работа кај работодавач, што допринесува голем број на ученици да стекнат практични вештини и знаења. Дополнително се организираат посети на трговски друштва кои вршат производна или трговска дејност, Органи на управата и локалната смоуправа, Централен регистар, Агенција за катастар и недвижности, Пошта, банки, Општинскиот Суд, Нотар и други институции. За учениците се организираат средби со претставници – стручни лица од практиката со цел учениците да се стекнат со практични знаења и вештини.

Феријалната пракса, исто така дел од практичната настава, се изведува во летниот период, за постоечките профили на учениците од прва година, втора година, трета година во четиригодишното образование и за учениците од профилот продавач-референт за продажни услуги во тригодишното образование.

## 2.3 Организација на изборна настава

Во склоп на изборната настава во училиштето, покрај предметите од редовната настава, во трета и четврта година учениците изучуваат изборни предмети. Секој ученик на крајот од втора година избира по еден изборен модул кој содржи два изборни предмети при што едниот го изучуваат во трета година, а другиот предмет во четврта година. Согласно интересите и афинитетите учениците со помош на анкетен лист избираат кој изборен модул ќе го изучуваат.

Изборните предмети се со вкупен фонд од 66 часа за учениците од четврта година односно 72 часа за учениците од трета година или 2 часа неделно и се реализираат во склоп на редовниот распоред на часови.

## 2.4 Расположливи ресурси на училиштето

Училиштето располага со ресурси кои ги задоволуваат основните предуслови за изведување на наставата. Просторните капацитети и физичките услови за работа и учење се во корелација на можностите на училиштето, а и натаму раководниот кадар вложува напори за подобрување на истите.

**Човечки ресурси.** Наставата во училиштето ја реализираат и помагаат вкупно 39 вработени и тоа 1 директор, 1 психолог, 1 педагог, 31 наставници, 1 секретар – администратор, 1 хаус мајстор, 2 одржувачи на хигена и 1 чувар. Во училиштето оваа година ќе се образуваат 198 ученици од прва до четврта година распоредени во 12 паралелки. Дополнително, настава ќе реализира и наставен кадар од други училишта поради дополнување на фондот на часови, како и вработени од училиштето кои што ќе реализираат настава во други училишта.

**Просторни капацитети.** ОСУ„Јовче Тесличков“ – Велес, воспитно – образовниот процес го остварува во училишната зграда, која што е од тврда градба изградена во 1963 година. Во склоп на училишната зграда има 25 опремени кабинети за секој предметен наставник.Од овие кабинети 2 се опремени со донација од страна на компанијата Маркарт: магнетни табли-6, работни маси-5,куќишта од компјутери-20 ,мауси и тастатури-20 со цел учениците од нашето училиште кои се дел од трите училишни маркетинг агенции да творат,креираат дигитални промотивни материјали со кои се врши афирмација и промоција на нашето училиште.

За потребите на наставата по спорт и спортски активности училиштето располага со  реновирана сала за спорт и спортски активности и со спортски терени кои се лоцирани непосредно до училиштето,кои исто така целосно се реновирани од страна на Општина Велес.

Целосната опрема со која располага училиштето е во функција на воспитно - образовниот процес. Училиштето напорно ќе работи кон осовременување на наставата и збогатување со надгледни наставни средства и помагала.

Во склоп на училиштето функционира и библиотеката опремена со разновиден книжевен фонд од општообразовните и стручните предмети. Учениците од ова училиште имаат пристап и до економската библиотека која можат да ја користат за изработка на проектните активности и збогатување на нивните стручни знаења. Цел во натамошното работење е да се обнови и збогати со дополнителна стручна литература која ќе се употребува за оддржување на поквалитетни  часови.

Училиштето има два влеза, а во склоп на задниот влез има пристапна рампа за потребите на лицата со посебни потреби. Училишната зграда располага со преден и заден двор кои им се на располагање на учениците за време на големиот одмор. Дворните места се хортикултурно уредени во рамки на можностите на училиштето.

## 2.5 Форми и начин на реализација на вонннаставните активности и слободните ученички активности

Стекнатите знаења и нивниот квалитет зависи од повеќе фактори. Учениците покрај редовната настава реализираат и вонннаставни активности и слободните ученички активности. Целта и функцијата на слободните часови на училиштето е да им се излезе во пресрет на учениците кои сакаат да истражуваат и напредуваат во одредени подрачја, области и теми во функција на: проширување и продлабочување на своите знаења, умеења и вештини од соодветна област, задоволување на иднивидуални образовни и останати потреби, соработка со локалната средина, соработка со социјални партнери од соодветна дејност, стекнување на менаџерски и водечки вештини во функција на подобрување на стручните компетенции. Вонннаставните и слободните ученички активности имаат за цел да ги спојат теоријата и практиката, односно ученикот да ја увиди примената од стекнатите знаења и кон истите да е критички расположен.

Во учебната 2024/2025 година ќе се организираат следните вонннаставни активности:

- Слободни ученички активности
- Проектни активности
- Грижа за здравјето на учениците
- Ученички натпревари
- Работа со надарени и талентирани ученици
- Зголемена соработка со родителите
- Ученички екскурзии
- Соработка со локалната средина

Во училиштето ќе се организира и **додатна настава** за учениците кои ќе покажат значителни резултати по одделни наставни предмети (талентирани ученици). Истата ќе се обезбеди проширување и продлабочување на знаењата по соодветен предмет.

Учениците ќе имаат можност своите знаења, умеења, вештини и потенцијали ќе можат да ги надградуваат преку слободните ученички активности кои се планираат и реализираат во нашето училиште. Додатната настава ќе ги подготвува учениците кои ќе учествуваат на натпревари по соодветните предмети. Секој предметен наставник ќе изработи сопствена програма за додатна настава и ќе ја достави на увид кај директорот на училиштето.

**Работата со надарени и талентирани ученици** ќе се организира во рамките на додатната настава и ќе се остварува преку:

- *Слободни ученички научно истражувачки активности* и културно-уметнички слободни активности по пат на индивидуализација на работата, во кои надарените ученици ќе се упататуваат кон посложените активности;
- *Консултативна настава за надарените ученици*, коишто сакаат позабрзано да напредуваат со завршувањето на годината по пат на полагање на испити;
- *Вклучување* на учениците во меѓуучилишните форми на работа со надарените ученици (летни и зимски школи, натпревари, семинари, трибини, конкурси и сл.)

Сите наставници од училиштето ќе бидат достапни и за **консултативна настава** за вонредните ученици, кои ќе ги насочуваат учencите за полесно совалдување на материјалот и брзо остварување на саканите цели.

Во учебната 2024/2025 година училиштето ќе ги планира ***ученичките екскурзии*** со цел да се усвојат и совладаат делови од наставните програми преку непосредно запознавање на појави и законитости, како и односи во природната и општествената средина, запознавање со културните наследства и достигнувањата поврзани со дејноста и стручноста на училиштето. Во училиштето ќе се организираат еднодневни и повеќе дневни екскурзии со научен карактер и воспитно – образовна функција. За таа цел се планираат следните екскурзии:

- Еднодневна екскурзија за учениците од прва година;
- Дводневна екскурзија за учениците од втора година;
- Повеќедневна за учениците од трета година.

Предвидените екскурзии ќе бидат поддржани со изготвени и усвоени програми, во кои ќе бидат конкретизирани начинот на изведувањето на екскурзијата и содржината на активностите, и истите ќе се реализираат доколку учениците покажат интерес преку Совет на родители. Во интерес на учениците е предвидена можноста да се комбинираат генерациите, втора со трета и трета со четврта година, на нивно барање поради малиот број на ученици.

За едукација на учениците од стручен аспект предвидени се посети на саеми, берзи и стопански објекти. Во склоп на стручните активи се предвидени екскурзии и посети со рокови и носители.

Едукација од областа на културата ќе се остварува преку планирани посети на културни и научни институции, презентации, промоции, манифестации по различни поводи во текот на целата учебна година за сите државни и училишни празници

***Заштита и унапредување на здравјето на учениците и култура на здраво живеење***.

Усвојување на глобалниот концепт за здравјето подразбира подигнување на културата на здравото живеење како целина од физичкото и психичкото здравје.

Градење на култура за здраво живеење претпоставува усвојување на глобалниот концепт на здравјето како целина од физичкото и психичкото здравје, формирање ставови и лично вклучување на поединецот во креирање на здрав животен стил со свесност за сопствените потреби, навики, културни особености и можности. Тоа ќе се остварува преку:

- Општ систематски преглед на учениците од прва и четврта година;
- Стоматолошки систематски преглед на учениците од прва година и четврта година;
- Редовни вакцини;
- Спортски активности;
- Грижа за хигиенските и естетско – културните услови за живот и работа во училиштето;
- Континуирано информирање на учениците за топлотен бран, ладен бран, актуелни вируси и бактерии, грип и
- друго;
- Организирање на едукативни предавања и трибини за болестите на зависност, едукација за борба против наркоманијата, сидата, семејното насилство, за туберкулозата, психофизички и психосоцијални карактеристики на периодот на адолесценција и промените кои ги карактеризираат, животен стил, физичкото и психичкото влијание на пушењето, хепатитот, полово преносливи инфекции, несакана бременост и средства за заштита од бременост, полово и репродуктивно здравје итн;
- Организирање на едукативни предавања и трибини за: решавање на конфликти, вредности и вредносен систем, почитување, солидарност, толеранција, рамноправност меѓу мажот и жената, влијанието на социјалните мрежи, модели на идентификација кај адолесцентите, полов и родов идентитет, асоцијалното однесување на младата личност, безбедноста во училиштата, стоп за насилството;
- И оваа година училиштето ќе продолжи со одржување на потребното ниво на хигиенските услови во училиштето (ученички простории, ученички двор, ходници, санитарни јазли и друго.)
- Опремување на техничкиот персонал со неопходните средства за работа за подобрување на работата.

За воннаставната активност од ***Општествено – културна дејност*** предвидени се следните форми на работа:

- Организирање на литературни читања, работилници за развивање на ораторските вештини, користење на библиотеки, посета на изложби, организирање на свечено доделување на дипломите на матурантите и организирање на спортски манифестации, организирање посета на лизгалиште итн;

- Активности во општествената средина – одбележување и прославување на важни датуми од поблиското и подалечното минато, прибирање, средување и заштита на етнографското богатство, предмети од домашна изработка, документи, легенди и обичаи, формирање на локална фототека, низ која ќе бидат забележани значајни места, случаи и личности, собирање материјал за училиштето;

Наведените активности ќе се реализираат во соработка со Црвениот крст на општина Велес, Ликовниот салон, Народниот музеј, Народниот театар, Општина Велес, Локалната библиотека, стопански субјекти и институции од локален карактер за реализација на целите на практичната настава.

***Соработката со родителите*** е значајна активност на секој наставник од училиштето. Ова подрачје опфаќа запознавање на родителите со целите и задачите на средното образование, со годишната програма за работата на училиштето, извештај од реализираните задачи и постигнатите резултати, услови за работа, визија и мисија за понатамошниот развој на училиштето, барање разновидна помош од родителите (мислења, сугестии, вклучување во разновидни активности, соодветни на нивната професија, афинитет и влијание). Соработката со родителите ќе се реализира преку следните форми и активности:

- Индивидуални консултации со класниот раководител (посета на родителите во училиштето, телефонски разговори, посета на наставникот на родителски дом);
- Родителски состаноци;
- Индивидуални состаноци со стручниот соработник во училиштето;
- Реализација на Програмата за советување на родители,
- Вклучување на родителите во сите структурни подрачја од внатрешната организација на воспитно – образовната дејност;
- Општо педагошко – психолошко образование и усовршување на родителите со организирање на предавања и трибини;
- Зголемена активност на родителите во советот на родители;
- Учество на родителите во Училишниот одбор.

Наставниот кадар, директорот и стручниот соработник ќе продолжат да соработуваат со родителите со заеднички интерес да им се овозможи на учениците полесно да ги остварат своите образовни и воспитни цели.

Во оваа учебна година во училиштето ќе бидат застапени следниве форми на ***слободни ученички активности*** и тоа:

- Слободни ученички активности со ***научно – истражувачки карактер***, имаат за цел да ги прошират и продлабочат знаењата и умеењата и формирањето на ставови за научна етика во определена научна област по пат на самостојна истражувачка работа кај учениците. Маркетинг агенција во училиштето ќе продолжи да функционира во рамките на вонаставните активности поради потребата за ефикасно и ефективно планирање на промоцијата на училиштето, навремено определување на низа активности со кои достигнувањата на нашето училиште ќе ги претставуваме и континуирано да воведуваме нови активности и елементи со кои ќе бидеме интересни, атрактивни и присутни на локално ниво, следејќи ги најновите трендови од светот на маркетингот. Наставниците членови на активот на економисти и активот на природно математичката група на предмети ќе бидат одговорни за реализација на овој тип на вонаставни ученички активности;

- Слободни ***културно-уметнички*** активности. Преку овие активности, учениците ќе ги утврдуваат, продлабочуваат и прошируваат сознанијата за општествениот карактер на културата и уметноста; ќе се оспособат за разбирање, доживување и вреднување на културните настани и уметничките дела; ќе се оспособуваат за самостојно и групно културно – уметничко творење, ќе развиваат чувство и ќе ја сознаваат потребата за културно живеење и стекнување на културни навики за користење на слободното време и ќе се воведат во методологијата на истражувачката работа. Одговорни ќе бидат наставниците членови на активот на општествено - јазичната група на предмети;
- ***Спорт и спортски*** активности, преку кои ќе се овозможи континуирано продолжување на спортските, спортско – рекреативните активности, што ќе се организираат во процесот на додатната настава, така што надарените и талентирани ученици ќе ги задоволуваат своите интереси и склоности кон одделни спортови, ќе развиваат смисла за здрав и културен живот и спортско усовршување во избраните спортови. Овие активности ќе се реализираат преку следните форми и содржини на работата: класни натпревари, меѓукласни натпревари, спортски секции, излети и сл. Одговорни наставници за реализирање на овие програми се наставниците по спорт и спортски активности.

Преку формите на слободните ученички активности ќе се воспостави соработка со општествената средина за одбележување на истриски, републички, општински и други настани.

## 2.6 Организација на практична настава во средното стручно образование

Практичното образование е предност во стручното образование преку која учениците учат да го применат стекнатото теоретско знаење во практиката и да стекнат вештини за самостојна работа. Овој тип на работа ги подготвува учениците за полесен пристап на пазарот на трудот.

Практичната настава во училиштето како наставен предмет којшто е дел од редовната настава ќе се реализира преку практични вежби изведени во кабинети, користејќи нагледни наставни средства и помагала, опрема и достапност на интернет во текот на наставата во профилот продавач-референт за продажни услуги. Наставата по овој предмет ќе се реализира и преку индивидуални домашни задачи.

Феријалната практика, која ја комплетира практичната настава, се изведува за време на летниот распуст во период од 10 и 15 дена и истата е задолжителна за сите ученици без разлика во кој профил се образуваат. Истата не ја реализираат само учениците од завршните година.

Учење преку работа кај работодавач, задолжителен вид на практично образование како дел од модуларно образование, им овозможува на учениците да стекнат знаења и вештини преку реализација на наставата во компании и инстиуции и тоа во трета година 4 часа, а во четврта година 6 часа. Од учебната 2022/2023 година се воведе по една паралелка со зголемен број часови по

практично образование, според која учениците ќе реализираат учење преку работа кај работодавач од втора година со 4 часа, во трета година 8 часа и во четврта година со 10 часа. Дел од стручните предмети уште во прва година покрај теорија вклучуваат и вежби, со што се поврзува теоријата со практичната работа.

## 2.7 Содржини програмирани од училиштето (СПУ)

Во учебната 2024/2025 во рамките на содржините програмирани од училиштето ќе се реализираат следните програми:

- Прва година: Светско наследство во рацете на младите
- Втора година: Планирање на кариера, Зелена економија
- Трета година: Ученичка компанија – Претприемачка практика за млади
- Четврта година: Активно барање на работа, Презентациски вештини

Во сите четири години на образование, учениците ја реализираат наставата според модуларно дизајнирани наставни програми како дел од реформираното стручно образование кое опфаќа задолжителни и изборни модули, преку кои учениците стекнуваат стручна квалификација од секторот економија, право и трговија. Овој начин на образование им овозможува на учениците да се стекнат со кредити, кои ќе им овозможат трансфер на учениците доколку се одлучат да го продолжат своето образование во странство.

## 2.8 Календар на јавни и културни активности на училиштето

Со овој календар се утврдува организирањето на јавните и културни активности за учебната 2024/2025 година.

Општествено-културната дејност на училиштето има за цел:

- Училиштето да се афирмира како културен и просветен центар;
- Да им овозможи на учениците на различни начини сестрано да ја развиваат својата личност;

Училиштето ќе организира разни акции, прослави и други манифестации. Ќе ги запознава учениците со културните традиции и современиот живот на нашиот народ.

За да се остварат наведените цели ќе се организираат:

- Посети на театарски претстави, изложби, саеми и сл.;
- Излети и екскурзии од стручен и рекреативен карактер;

- Разновидни активности во слободните ученички активности, производна и општествено корисна работа.

ОСУ „Јовче Тесличков” како најзначаен настан го смета денот на Патронот на училиштето – 24 Октомври. За овој настан се предвидува недела на различни активности, во коишто спаѓаат:

- Литературен конкурс со награди за најдобрите творби на македонски јазик;
- Литературен конкурс со награди за најдобрите творби на странски јазик;
- Културно уметничка програма во организација и изведба на ученици од нашето училиште;
- Крводарителска акција
- Спортски натпревари

Дополнително во текот на годината се организираат:

- Посета на институции поврзани со струката во Скопје и Велес
- Посета на НБРМ
- Посета на театар и кино во Скопје и Велес
- Посета на Природно-научниот музеј и Планетариум во Скопје
- Ученички забава за ученици од нашето училиште (согласно интересот на учениците );
- Свечена матурска вечер за учениците од завршните години
- Хуманитарни активности;
- Спортски натпревари;
- Други активности.

Во месец мај предвидено е да се организира матурска вечер за учениците од завршните години, а по објавувањето на конечните резултати од државната матура се организира и свечено доделување на дипломите за завршено средно образование.

Од посебно значење за ОСУ „Јовче Тесличков” претставува организирањето и реализацијата на отворениот ден на училиштето на кој ќе се одржи презентација на училиштето, струката и образовните профили кои ќе бидат на располагање за упис на деветоодделенците. На овој ден училиштето ќе ја презентира целокупната работа. На отворениот ден ќе бидат поканети учениците од завршните години на основното образование и нивните наставници, родителите, соработници на училиштето, претставници од бизнис секторот, општината и граѓани.

По повод 14 февруари, Денот на вљубените, наставниците по странски јазици повторно ќе организираат манифестација со цел одбележување на празникот.По истиот повод ќе распишат литературен конкурс на македонски јазик и странски јазици наменет за учениците од основното образование во општините Велес и околните места.За најдобрите ќе следуваат симболични награди и дипломи.

Вработените и учениците од ОСУ,,Јовче Тесличков” активно ќе се вклучат и во одбележувањето на значајни настани, манифестации, јубилеи и празници од значење за општина Велес и за РСМ:

- 8 Септември - Ден на осамостојување на Република Македонија
- 11 Октомври - Ден на народното востание на македонскиот народ
- 23 Октомври – Ден на македонската револуционерна борба
- 9 Ноември – Ослободување на град Велес
- 22 Ноември – Ден на албанската азбука
- Одбележување на месецот на книгата
- Организирање посета на театарски претстави
- 8 Декември – Денот на Св. Климент Охридски
- 14 Февруари – Ден на Вљубените
- 7 Март- Ден на албанскиот учител
- 8 Март- Ден на жената
- Одбележување на денот на пролетта
- Одбележување на 21ви Март - Ден на Екологијата
- Одбележување на Велигден – Велигденско јајце
- Учество на Саем за образование
- 1ви Мај – Меѓународен ден на трудот
- Одбележување на Денот на Европа
- Одбележување на 24ти Мај - Ден на сесловенските просветители

## 2.9 Табеларен преглед на структурата на училишниот простор училници, кабинети, библиотека

| Вид на просторија | Број | Површина во $m^2$ |
|---|---|---|
| Кабинети | 25 | 1118 |
| Библиотека | 1 | 34 |
| Канцеларии | 5 | 109 |
| Спортска сала | 1 | 255 |
| **ДВОРНА ПОВРШИНА** | | **5458** |
| спортски терени | | 2892 |
| уреден училишен двор | | 568 |
| друга дворна површина | | 1998 |
| работилница | 1 | 30 |
| Санитарни чворови | 8 | 176 |
| котларница | 1 | 50 |
| Други простории | | 1055 |

## 2.10 Табеларен преглед на техничка опрема на училиштето која се употребува во редовната настава

| Вид на опрема | Број |
|---|---|
| Радиокасетофон | 6 со CD |
| Лап – топ компјутери ASUS | 33 |
| Компјутери | 59 |
| Печатари | 4 |
| Принтер/скенер/копир | 4 |
| Фотокопир | 1 |
| ЛЦД Проектор | 16 |
| Smart табла | 1 |
| Projektionscreen 180cmx 180cm - табли платна за графоскопи | 3 |
| Whiteboard 120cmx 180cm - бела табла | 18 |
| Зелена табла | 24 |
| Географски карти | 5 |

## 2.11 Донации и спонзорства

Големите и мали локални компании и институции во изминатите учебни години секогаш наидувале на разбирање за потребите на училиштето за донации и спонзорства. И во учебната 2024/2025 училиштето ја очекува истата соработка и е отворено за донации и спонзорства во текот на целата година.

## 2.12 Учество во проекти и степенот на реализација во тековната година

Вработените во училиштето се мотивирани и пројавуваат интерес за учество и соработка на проекти. Наставниот кадар и останатите чинители активно се вклучени во проектите од МОН, БРО, ЦССО, ПМИО и други. Училиштето ќе продолжи со аплицирање и во проекти од Националната агенција за европски образовни програми. Училиштето активно ги следи понудите за вклучување на проекти и согласно можностите се вклучува:

- Апликации за проекти Еразмус 2024 година. К210, проект за ученици "Круг на промени: инспиративна еко иднина" и КА202 проект за обука на наставници "Инклузивни хоризонти: Сликање посветла иднина низ образованието" Одговорни наставници Марија Панчевска и Радмила Андовска
- Во текот на месец јуни е поднесена апликација за проектот „Суперучилишта"- програма за училишна размена во регионот со цел да се поддржи процесот на градење мир и помирување и интеркултурното учење и дијалог меѓу училиштата, учениците и нивните заедници. Програмата е дел од мултидонаторскиот проект „Програма за размена на училишта во Западен Балкан" кофинансиран од Европската Унија и германското Сојузно Министерство за економска соработка и развој (BMZ) и имплементиран од Deutsche Gesellschaft für Internationale Zusammenarbeit (GIZ) заедно со Регионалната канцеларија за младинска соработка (RYCO).
- Во февруарскиот повик за Еразмус+ програмата поднесена е апликација од клучна акција 122 за тренинг на ученици во стручно образование и обука од страна на наставникот, координатор Маја Талеска Панова.
- Нашето училиште и оваа учебна година продолжува да биде вклучено во активностите за мировно образование во рамки на Првата Детската амбасада Меѓаши во координација со МОН. Сите активности кои ќе се спроведуваат во учебната 2024/25 год. ќе бидат наведени во прилог П-18 од Годишната програма за работа на нашето училиште.

### Степен на реализација

Учениците и наставниците активно се вклучени во реализацијата на проекти без разлика дали се владини, невладини, хуманитарни и добротворни организации. И во учебната 2024/2025 година ќе продолжат со работа на проекти каде ќе имаат можност да бидат вклучени без партиципација. Доколку со вклучувањето на учениците и наставниците во различни проекти се обезбеди некоја донација, тогаш истата ќе биде наменета за осовременување на наставниот процес, донирање на опрема за кабинети - надгледни средства, обезбедување награди за најдобрите ученици од училиштето и друг училишен инвентар.

Учеството во реализацијата во проекти од невладини и други организации ја наметнува потребата истите да имаат дозвола за работа во училиштето од МОН и БРО.

## 2.13 Оспособеност за користење на современа технологија во наставата

Континуирана примена на ИКТ во наставата ќе продолжи и оваа учебна година. Сите наставници го планираат користењето на ИКТ во наставата и во своето тематско и оперативно планирање. Во текот на изминатата учебна година во училиштето беа монтирани ЛЦД проектори и смарт табли за потребите на наставниците. Дополнително неколку кабинети беа опремени со компјутери, а секој наставник има на располагање лични лап топ компјутери за потребата за реализација на наставните часови.

## 2.14 Оспособеност за тимска работа

Примената на современи методи во наставата ја наметнува потребата од тимската работа преку групна интеракција, развивање на заедничко учење, стимулирање на дискусии и размена на искуства, знаења. За овој начин на работа, од наставниот и останатиот кадар во училиштето, се бара почитување на кодексот на однесување и развивање на комуникациски вештини. Многупати се покажало дека тимската работа е клучот на успехот, па така и оваа учебна година во училиштето ќе се практикува тимска работа. Тимската работа ќе биде во корелација наставник – наставник, наставник – ученик, ученик – ученик и наставник – ученик – родител.

## 2.15 Соработка со локалната самоуправа и установи во опкружувањето

ОСУ „Јовче Тесличков“ континуирано соработува со локалната средина, БРО, МОН и ЦСОО. Активната соработка со овие институции и понатаму продолжува со цел училиштето ефективно да ја оствари својата мисија и визија. И оваа учебна година, наставниците ќе организираат посети на трговски друштва, органи на државна управа и локална самоуправа, судот и други институции. Реализацијата на практичната настава односно предметот учење преку работа кај работодавач вклучува соработка помеѓу училиштето и установите од опкружувањето, се продлабочува соработката со локалната средина и бизнис заедницата. Оваа соработка им помага на учениците да ги развиваат своите вештини, способности и практични знаења и полесно да го поврзат училишното искуство со работните активности.

## III. МИСИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

***„Обезбедување квалитетен воспитно - образовен процес, преку примена на современи методи на учење, критичко размислување и интегрирање на информатичка технологија и дигитални вештини во наставата, поддршка на самостојноста на ученикот, во процесот на стекнување на знаења, вештини и ставови, за нивна практична примена во реалниот животен контекст, креирање на култура на доживотно учење.“***

ОСУ „ЈовчеТесличков“ во учебната 2024-2025 ќе продолжи да ја следи својата мисија и ќе се стреми кон создавање и примена на нови современи методи на учење, ќе реализираме квалитетна и современа настава со еднакви можности за сите ученици подготвувајќи ги за понатамошно образование и соочување со предизвиците на современото општество. Воедно ќе продолжиме да градиме пријатна клима која ќе се базира на меѓусебна доверба и почитување на учениците, наставниците, родителите и соработка со локалната заедница.

Нашата мисија ќе ја реализираме преку креирање на заедница во која воспитно-образовниот процес ќе го насочиме кон зголемување на квалитетот за стекнување на општи и стручни компетенции на нашите ученици. Ќе се стремиме да бидеме отворено училиште во кое воспитно-образовниот процес ќе го реализираме иновативно и ефикасно со цел да го одржиме имиџот на училиште во кое сите учат.

Училиштето својата мисија ќе ја остварува со силна поддршка за оживување на економијата, интегрирање на информатичката технологија и развојот на демократијата и меѓународната интеграција на земјата. Доколку има потреба, следејќи ги современите текови, училиштето ефикасно се приспособува на локалните и глобалните промени.

Во центарот на нашата програма ќе биде одржување и продлабочување на партнерството со локалната бизнис заедница и склучените договори за реализација на дуалното образование. Имаме одличен деловен однос со бројни истакнати фирми во нашата средина. Преку нив ќе продолжиме да им овозможуваме на нашите ученици и вработените да ги доживеат и сфатат работните искуства од реалниот живот и да ги внесат во реализацијата на училишната програма.

На учениците ќе им овозможиме да демонстрираат учење насочено кон себе со тоа што преку модуларната настава ќе одбираат предмети и ќе го развиваат своето знаење поврзано со кариерата што ја одбрале.

Во реализација на нашата мисија преку Дуалното образование кое е комбинација на теоретските знаења со практична работа во реалниот бизнис ќе продолжиме да развиваме компетентен, креативен ,етички изграден човечки ресурси кој ќе влијае врз општествениот и економскиот развој на државата и нејзината меѓународна компетентност. Училиштето ќе нуди можности за индивидуална и групна работа кои ќе ги развијат вештините на учениците заедно со нивниот интелект, талент и социјализација на личноста

Ќе продолжиме да ја оствариваме мисијата на нашето училиште со реализација на Учењето преку работа како практична обука на работно место во компанија или институција, и ќе продолжиме да им нудиме на учениците стекнување на знаења и вештини во реални услови, стекнување на работно искуство во бизнис секторот, а со тоа и предност при претставувањето на пазарот на труд и идните работодавци ,полесно да го разберат и побрзо да се вклучат во работниот процес.

Следејќи ја нашата мисија го следиме глобалниот тренд на дигитализација на општеството и пред две години воведовме нов профил

Техничар за Е-трговија и дигитален маркетинг  преку кој на учениците низ образованието им го покажувме светот на дигитализацијата во областа на економската наука и информатиката, а со цел да се дигитализираат бизнисите и нивниот маркетинг.
Преку современ начин и пристап на работа - во рамките на слободните часеви во училиштето постојат три  Маркетинг агенции кои на учениците им овозможуваат обука и употреба на знаењето од маркетинг ,менаџмент и промоција, се оспособуваат за примена на теретските знаења во пракса во услови од европски образовни системи,претворање на знаење во вештини користење на современа информатичка технологија.
Кадарот на училиштето континуирано ќе поттикнува клима на отвореност и взаемна поддршка, ќе продолжи да гради  пријатна клима која ќе се базира на меѓусебна доверба и почитување на учениците, наставниците, родителите и соработка со локалната заедница и сите ќе бидат вклучени и посветени на реализирање на училишната мисија.
Мисијата ќе ја реализираме преку:

- примена на современа образовна технологија,
- стекнување на знаења од областа на економијата, правото, бизнисот и претприемништвото,
- образование со кое се стекнуваат компетенции за пазарот на трудот, за општествениот и културниот живот,
- конструктивно решавање на конфликти и проблеми,
- поттикнување на креативно учење,
- стекнување на животни вештини за снаоѓање во потесната и пошироката заедница,
- градење на професионални вредности како важен код интегриран во стручното образование,
- поттикнување на критичко размислување.

**Мото на училиштето**

***„Биди и ти успешна приказна“***

## IV. ВИЗИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

***„Придонес во развивањето на европските образовни вредности преку обезбедување на сеопфатно, инклузивно и интегрирано образование насочено кон ученикот, кое му овозможува стекнување со знаења, вештини и компетенции согласно потребите на демократското мултикултурно општество и новите предизвици на  пазарот на трудот.“***

Во учебната 2024/205 година реализацијата на нашата визија ќе биде насочена  да се одржи и зачува позитивниот приод кон учењето кај младиот човек за да создадеме активен граѓанин со развиени знаења, вештини и ставови, со развиени компетенции за креативност, иницијативност, способност за решавање на проблеми, за одлучување, способност за социјална инклузија, кои ќе им овозможат на учениците лична сатисфакција и развој, потребни за нивното понатамошно вработување или продолжување на образованието.

Современо опремените училници ќе овозможуваат високо професионална интегрираност на теоретските и практичните знаења. На учениците ќе им овозможиме да постигнат успех во рамките на наставниот план и програма во воспитно-образовниот процес, кој ќе го промовира моралниот, менталниот и физичкиот развој во училиштето и општеството, да стекнат знаење и вештини кои ќе бидат корисни во нивниот понатамошен живот и работата за која ќе се определат.

За стопанството и јавната администрација подготвуваме стручно оспособени кадри од економија, право и трговија.. И повеќе од тоа – образуваме и воспитуваме за да можат учениците да го разберат процесот на учење за целиот живот, продолжувајќи го своето образование и на универзитетите во и надвор од Македонија и да решаваат проблеми и да имаат критичен однос кон ненаучените теории, идеи и идеологии, како и спрема носителите на истите. Тоа го правиме со личниот пример во професионалноста, блискоста, добрината и хуманоста.

Училиштето ќе ја реализира визијата преку воспитно-образовен процес кој го поттикнува критичкото размислување кај учениците и нивниот истражувачки дух оспособувајќи ги да ги надминат бариерите на современото општество и да одговорат на актуелните потреби и предизвици на пазарот на трудот. Преку воспитно образовниот процес ќе се влијае на создавање на здрави личности во поглед на менталното, физичкото и социјалното здравје, со што ќе бидат способни да  ги остварат обврските на одговорни граѓани.

Современата настава ќе ја градиме преку индивидуалниот развој на секој ученик. На тој начин ние ќе ги подготвуваме учениците за комплетно вклучување во современите општествени текови, пратејќи го нивниот развој во текот на средното образование. Со тоа ќе формираме високостручни кадри, чија иднина е успешно трасирана. Училиштето ги приспособува своите програми на локалните и глобалните промени. Квалитетот на наставата ќе се подобрува преку соработка со Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието, Центарот за стручно образование и обука.

Тимската работа на наставниците ќе им помогне во реализацијата на визијата на училиштето. Сите наставни предмети ќе ги поврземе со бизнисот и со професионалните организации, со што ќе му дадеме значење на реалниот живот, успехот како цел која треба да ја остварат во сите области на изучување. Тоа ќе им даде на учениците целосно нова перспектива во учењето и ќе им овозможи да ги развиваат клучните способности што ќе ги подготват за професионалниот и за секојдневниот живот.

За да можеме успешно да ја реализираме нашата визија, ќе се придржуваме кон следниве вредности:

- квалитетна настава - квалитетно образование низ кое ќе се стекнат стручни компетенции за соочување со конкуренцијата на пазарот на трудот и/или натамошна факултетска надоградба,
- слобода на изразување и делување – низ призмата на взаемно почитување и прифаќање ќе го поддржуваме правото на вработените и учениците за слободно изразување на нивните ставови и култура,
- интегритет – градење и одржување на високи стандарди за морално и етичко вреднување на односите со еднакви можности за учење и напредок на сите наставници и ученици.

## Приоритетни подрачја и потреби за тековната 2024/2025 учебна година

При одредување на приоритетните подрачја на работа, развојниот тим во предвид ги зема потребите на учениците и наставниците и потребните активности за подобро функционирање на училиштето. Не се занемаруваат и реалните можности на училиштето. За учебната 2024/25 година како приоритети за промена утврдени се следниве подрачја:

**Прв приоритет: Континуиран развој на наставниот процес во чекор со современите трендови**

Цел 1.1 Барање поддршка од надлежните институции за воведување на нови атрактивни профили заради унапредување на уписната политика, воведување на нови образовни профили и модули;

Цел 1.2. Примена на интерактивни методи и ИКТ во наставата со цел да се подобри средината на учење која учениците треба да ја доживуваат како мотивирачка средина, а начинот на кој се учи интересен;

Цел 1.3 Да се побара поголема поддршка од надлежните институции за вклучување на училиштето во поголем број на национални и интернационални образовни проекти за наставници и ученици, со цел поттикнување и вклучување на поголем број ученици во воннаставните активности и национални и интернационални образовни проекти.

**Втор приоритет: Одржување на висок степен на организациска клима и култура во училиштето**

Цел 2.1 Подобрување на климата за време на часовите;

Цел 2.2. Зацврстување на врската помеѓу сите чинители во воспитно- образовниот процес.

**Трет приоритет: Обезбедување на квалитетни и современи материјални ресурси за работа**

Цел 3.1 Обезбедување на повеќе финансиски средства за потребите на училиштето од видот на капитални инвестиции: нова фасада, подови на кабинетите, реновирање на тоалетите, реновирање на спортската сала;

Цел 3.2 Уредување на училишниот двор.

## V. РАЗВОЈНИ ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ

Имајќи ги предвид утврдените приоритетни подрачја на промени и насоките содржани во Планот за развој на училиштето и Извештајот од самоевалуацијата, во учебната 2024/25година дефинирани се следниве развојни цели.

***<u>Подрачје 1. Континуиран развој на наставниот процес во чекор со современите трендови</u>***

***РАЗВОЈНА ЦЕЛ 1.1 Барање поддршка од надлежните институции за воведување на нови поатрактивни профили заради унапредување на уписната политика, воведување на нови смерови и модули***
**Конкретни задачи за реализација на целта:**

**Задача 1.1.1:** Поднесување на барање до МОН и Центар за средно стручно за воведување на нови атрактивни профили
**Време на извршување:** септември 2024 - јуни 2025
**Носители на активности:** наставници, директор, стручна служба
**Задача 1.1.2** Барање на законска регулатива за заштита на секторот економија, право и трговија;
**Време на извршување:** септември 2024 - јули 2025
**Носители на активности**: наставници, директор,стручна служба

***РАЗВОЈНА ЦЕЛ:1.2 Примена на интерактивни методи и ИКТ во наставата со цел да се подобри средината на учење која учениците треба да ја доживуваат како мотивирачка средина , а начинот на кој се учи интересен***
**Конкретни задачи за реализација на целта:**

**Задача 1.2.1:** Изнаоѓање на начини за добивање финансиски средства за набавка на техничка опрема за осовременување на наставата
**Време на извршување**: септември 2024 - јуни 2025
**Носители на активности:** наставници, директор, стручна служба
**Задача 1.2.2**: Поттикнување на личен и професионален развој на наставниците преку посета на обуки од страна на овластени провајдери
**Време на извршување:** август 2024 - јули 2025
**Носители на активности:** директор, наставници, стручна служба

***РАЗВОЈНА ЦЕЛ 1.3 Да се побара поголема поддршка од надлежните институции за вклучување на училиштето во поголем број на национални и интернационални образовни проекти за наставници и ученици, со цел поттикнување и вклучување на поголем број ученици во воннаставните активности и национални и интернационални образовни проекти.***

**Конкретни задачи за реализација на целта:**

**Задача 1.3.1** Активно следење на сите понудени образовни проекти и натпревари и задолжително учество на проекти и натпревари постојни и нови и други активности
**Време на извршување** : септември 2024 - јуни 2025
**Носители на активности**: директор, наставници, стручна служба.

## ***<u>Подрачје 2. Одржување на висок степен на организациска клима и култура во училиштето</u>***

***РАЗВОЈНА ЦЕЛ 2.1 Подобрување на климата за време на часовите***
**Конкретни задачи за реализација на целта:**
**Задача 2.1.1:** Организација на обуки за развој на емоционална интелегенција
**Време на извршување**: септември 2024 – јуни 2025
**Носители на активности**: наставници, директор, стручна служба

**Задача 2.1.2** Лично или организирано барање на можности за професионален развој кај наставниот кадар
**Време на извршување**: септември 2024 – јуни 2025
**Носители на активности**: наставници, директор, стручна служба
**Задача 2.1.3:** Примена на систем на пофалби и награди на наставници и ученици;
**Време на извршување**: мај 2024 - јуни 2025
**Носители на активности**:наставници, директор, стручна служба

***РАЗВОЈНА ЦЕЛ 2.2 Зацврстување на врската помеѓу сите чинители во воспитно-образовниот процес***
**Конкретни задачи за реализација на целта:**
**Задача 2.2.1:** Да се зајакне соработката со социјалната служба за активирање на поголема соработка со одреден број родители;
**Време на извршување**:септември 2024– јуни 2025
**Носители на активности**: директор, наставници, социјална служба, стручна служба, родители

**Задача 2.2.2**: Воспоставување на индивидуален пристап кон учениците од страна на наставниците и педагошко-психолошката служба;
**Време на извршување**:септември 2024 - јуни 2025
**Носители на активности**: Наставници, стручна служба, стручни активи, ученици

**Задача 2.2.3:** Негување на високо развиена свест кај вработените за препознавање на предизвиците и подготвеност за справување со истите;

**Време на извршување**:август 2024 – јули 2025
**Носители на активности**: директор, наставници, стручна служба

**Задача 2.2.4** Континуирано почитување на професионалниот кодекс за однесување во училиштето;
**Време на извршување:** август 2024 - јули 2025
**Носители на активности**: Предметни наставници, класни раководители, Директор,педагошко- психолошка служба, родители, ученици

## ***Подрачје 3 : Обезбедување на квалитетни и современи материјални ресурси за работа***

***РАЗВОЈНА ЦЕЛ 3.1 Обезбедување на повеќе финансиски средства за потребите на училиштето од видот на капитални инвестиции: нова фасада, подови на кабинетите, реновирање на тоалетите, реновирање на спортската сала;***
**Конкретни задачи за реализација на целта:**

**Задача 3.1.1:** Учество во проекти за обезбедување на финансиски средства и изнаоѓање на можности за самофинансирање;
**Време на извршување**: август 2024 - јуни 2025
**Носители на активности**: директор, наставници, стручна служба
**Задача 3.1.2** Зголемување на соработката со бизнис заедницата во насока на обезбедување на дополнителни средства и донации;
**Време на извршување:** август 2024 - јули 2025
**Носители на активности**: директор, наставници, стручна служба
**Задача 3.1.3**: Обновување на фасадата на училишната зграда;
**Време на извршување**: август 2024 - ноември 2024
**Носители на активности**: директор, основачот, градежна фирма

***РАЗВОЈНА ЦЕЛ 3.2 Уредување на училишниот двор***
**Конкретни задачи за реализација на целта:**

**Задача 3.2.1**: Изработка на акционен план за обезбедување на финансиски средства кои ќе бидат наменети исклучително за уредување на просторот во дворот и акционен план за изведување на потребните активности
**Време на извршување** септември 2024 - јуни 2025

**Носители на активности**: директор, наставници, стручна служба

**Задача 3.2.2** Да се побара наменско издвојување на финансии за уредување на дворот

**Време на извршување**: септември 2024 - јуни 2025

**Носители на активности**: директор, наставници, стручна служба

**Задача 3.2.3:** Аплицирање и изработка на проекти и елаборати за обезбедување на финансиски средства за уредување на дворот

**Време на извршување:** август 2024 - јули 2025

Временската рамка за реализација на активностите по предвидените задачи, цели од третиот приоритет Создавање на услови од инфраструктурен карактер, училиштето не е во можност да ја испланира динамиката на реализирање на активностите по носителите и нивни критериумите за вреднување и успешност како резултат на неможноста од самофинансирање. Утврдувањето на динамиката на реализацијата на активностите со нивна финансиска конструкција од третото приоритетно подрачје ќе зависи од дополнително обезбедување на финансиски средства со самостојно аплицирање на нашето училиште на проекти од МОН, локалната самоуправа и други проекти.

## Отежнувачки фактори за реализација на задачите

За успешно реализирање на поставените цели и задачи можни се следниве отежнувачки фактори:

- ✓ Моменталната политика која се води на ниво на држава која е насочена само кон поддршка на техничките струки во техничките стручни училишта;
- ✓ Моменталната слаба заинтересираност на учениците за моменталните профили во струка/сектор економија, право и трговија;
- ✓ Недоволна поддршка од Центарот за средно стручно образование;
- ✓ Непостоење на законска регулатива која го штити профилот продавач и која би дала предност при вработување;
- ✓ Недоволна едуцираност за користење на технологија од страна на некои ученици;
- ✓ Не се организираат обуки од страна на овластени провајдери за надградба на стручните знаења на наставниците;
- ✓ Неизвезноста околу прифаќањето на одредена апликација за проект;
- ✓ Мал број на обучени наставници за пишување на апликации за проекти;
- ✓ Ученици со слаб успех и со слаба мотивација;
- ✓ Недоволно развиена емоционална интелегенција кај дел од учениците;
- ✓ Отсуство на можности за професионален развој кај наставниот кадар;

- ✓ Одредена структура на ученици не соработува доволно со наставниот кадар;
- ✓ Недоволно финансиски средства за одржување на капиталните инвестиции и вложување во нови во однос на реалните потреби кои ги има училиштето;
- ✓ Недоволна заинтересираност од страна на одреден број родители за соработка со училиштето;
- ✓ Недоволна искористеност на други дополнителни извори за финансирање;
- ✓ Потребни дополнителни финансии од локална самоуправа наменети конкретно за уредување на дворот и спортските терени,
- ✓ Издвојување на финансии за уредување на дворот.

**Стратегии за отстранување и намалување на отежнувачките фактори во учебната 2024/2025 година:**

- ➢ Добивање на поголема поддршка од центарот за средно стручно образование, од локалната самоуправа и од МОН за промовирање на струката/секторот на национално ниво;
- ➢ Добивање на дозвола за воведување на нови атрактивни профили во согласност со барањата и потребите на бизнис заедницата и современиот начин на живот;
- ➢ Формирање на законска регулатива за заштита на сите профили од струката/секторот економија, право и трговија;
- ➢ Изнаоѓање на начини за добивање финансиски средства за набавка на техничка опрема за осовременување на наставата;
- ➢ Подигнување на дигиталните вештини на учениците кои не ги поседуваат;
- ➢ Поттикнување на личен и професионален развој на наставниците преку посета на обуки од страна на овластени провајдери;
- ➢ Поголема подготвеност и обученост на што поголем број на наставници кои ја пишуваат апликацијата за проект;
- ➢ Организација на обуки за развој на емоционална интелегенција;
- ➢ Лично или организирано барање на можности за професионален развој кај наставниот кадар;
- ➢ Доекипираност на педагошко-психолошката служба;
- ➢ Координирана соработка со социјалната служба за активирање на поголема соработка со одреден број родители;
- ➢ Индивидуален пристап кон учениците од страна на наставниците и педагошко- психолошката служба;
- ➢ Учество во проекти за обезбедување на финансиски средства и изнаоѓање на можности за самофинансирање;
- ➢ Зголемување на соработката со бизнис заедницата во насока на обезбедување на дополнителни средства и донации;
